Бр./Nr 12-749/2

17-12-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – --------------------------- од ----------------, на продолжението на 42-та седница одржано на 11.12.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од познат подносител – --------------------- од -------------, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-749/1 од 31.01.2020 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по разгледување во содржината на пријавата утврди дека нема елементи за надлежно постапување, како и дека постапиле и постапуваат други надлежни органи.

Предметот со број 12-749/1 од 31.01.2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-749/1 од 31.01.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – ------------- од ---------------.

Во прилог е доставена кривична пријава поднесена до Основното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на ден 27.11.2014 година. Кривичната пријава се поднесува против:

1. ------------------------- од ------------ заради:

-неспроведување правосилна судска одлука бр.I-PO 11/90 и непријавување на работник на работа согласно истото;

-основано сомнение за злоупотреба на службена должност како в.д директор на „--------------------" ДОО --------------- заради присвојување туѓи парични средства од личен доход во своја корист;

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

-прикривање на документација за попречување покренување барање за извршување на правосилната судска одлука за враќање на работа.

2. --------------------- од -------------- (назначен за директор наместо лицето од т.1) заради:

- неспроведување на судска одлука и недозволување пристап до работни простории;

-непотпишување отказно решение така што подносителот не може да заснова нов работен однос и не може да оствари право на социјална и здравствена заштита, како и право на минимална пензија.

3. Судија ------------------------ при Основен суд ---------------- заради неправилно водење на предмет П бр.191/98 и тоа:

- необезбедување на присуство на тужениот или негов застапник;

- необезбедување непречено вештачење по слубена должност;

-необезбедување на документ за извршено вештачење од починато лице.

4. Инспектор по економски криминал -------------------- заради:

- разговор во врска со кривична пријава од 17.03.1999 заведена под бр.25.04.2000, на кој бил поканет и --------------------------, но не присуствувал на разговорот и инспекторот не обезбедил негово присуство;

-ОЈО ----------- врз база на извештајот на -------------------- донело решение КО бр.85/2000 од 28.11.2000 год. дека не постојат сомненија за сторени кривични дела и пријавата се одбива како неоснована.

Подносителот наведува дека после сите поминати судски инстанци во нашата земја, се обратил и до Европскиот суд за човекови права во Стразбур преку адвокат --------------------------------- од --------. Предметот е заведен под бр.20999/06, ----------- против БЈРМ на 09.06.2006 год. од каде што е добиено известување дека треба да се известува судот и понатаму и да се достават сите релевантни домашни судски одлуки, што кај подносителот предизвикува сомневање за постапувањето на адвокатот.

Исто така, се наведува дека е отпочната стечајна постапка Ст.бр.26/02 над „------------------" ДОО - ---------------, а пријавата на подносителот е одбиена со образложение дека не работела никогаш кај должникот. Согласно наводите во пријавата, стечајниот управник --------------------------- одбил да сведочи во корист на подносителот и не го пријавил да учествува на завршното Собрание на доверители одржано на 24.06.2006 година.

По разгледување и проучување на наводите од пријавата, на седницата Државната комисија за спречување на корупцијата констатираше дека во однос на наводите од пријавата искористени се правните лекови пред судски инстанци во Република Маекдонија, како и пред меѓународен суд, и дека постапувањето по предметната кривична пријава е во надлежност на обвинителство. Врз основа на вака

утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно постапиле и постапуваат други надлежни органи.

Имајќи го предвид горе наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: м-р В.Г, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**